АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 58 Февруари 2007

## СРЕДБА ПОМЕЃУ АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ И МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТНИ

Делегација на Адвокатската комора на РМ, предводена од претседателот на Управниот Одбор на АКРМ, Ненад Јаниќевиќ, заедно со колегите Дивна Павлоска, заменик Претседател на УО и Снежана Андреевска, член на УО на АКРМ, оствари средба со претставници од Министерството за внатрешни работи, во врска со проблемите со кои се почесто се соочуваа адвокатите на РМ, а кои се однесуваа на пристапот до потребните информации.

На средбата, претседателот на АКРМ, ја истакна важноста од брзо решавање на ова прашање, по што претставникот од МВР ја образложи веќе воспоставената пракса со останатите комори во Република Македонија, а која се состои во склучување на генерални договори помеѓу МВР и членовите на соодветните организации.

Со оглед на тоа што оваа пракса треба да биде применета и во работата на адвокатите, беше договорено следново:

Секој адвокат од Република Македонија, ќе потпиеше генерален ( општ) договор со МВР, со кој му се дозволува генерално пристап до информациите. Овие договори, ќе бидат дистрибуирани преку претседателите на Адвокатските Заедници на АКРМ до нивните членови, а по потпишувањето на овие договори од страна на адвокатите, истите ќе бидат вратени на потпишување од другата страна, т.е од Министерствотот за внатрешни работи. Потоа така потпишана една верзија им се враќа на адвокатите, а една останува во Министерството за внатрешни работи на РМ.

Потоа, врз основа на таквиот генерален договор, секој адвокат, во дадена ситуација, односно тогаш кога ќе има потреба од добивање на посебни информации, ќе поднесе посебно барање за добивање на информации од МВР, по што брзо, едноставно и без дополнителни процедури, истите ќе му бидат приложени.

Претставниците од двете страни се согласија за практичноста на ваквиот пристап и изразија надеж за надминување на досегашните проблеми.

## НАЦРТ ЗАКОН ЗА АДВОКАТСКА ТАРИФА

Посебна Комисија на Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, започна со подготовка на новата Адвокатска тарифа, која ќе биде усогласена како со Законот за адвокатска маркичка, така и со одредбите на Законот за парнична постапка.

До сите членови на Адвокатска комора на Република Македонија преку списанието Адвокатура бр. 19, беше доставена работната верзија на адвокатската тарифа и беа побарани сугестии, забелешки, нови идеи од Ваша страна, **но до денес** ниту еден член на Адвокатска комора ниту индивидуално, ниту преку Адвокатските Заедници не доставил ништо.

Затоа, и сега ги повикуваме сите колеги да дадат свои сугестии, како би овозможиле изготовка на поцелисходна и поприемчива Адвокатска Тарифа, која е во согласност со Законските прописи.

## 5000 ЕУРА - ПОДРШКА ОД ССВЕ

Неодамна, беше одржана 35-та Претседателска конференција на Советот на адвокатски комори и правни друштва на Европа - **ССВЕ**, каде Адвокатската комора на Република Македонија е членка набљудувач веќе пет години. Притоа, делегацијата на АКРМ предводена од претседателот на УО Ненад Јаниќевиќ оствари повеќе средби со претставници на Советот на адвокатски комори и правни друштва при Европа - **ССВЕ,** на кои тие беа запознаени за тековните случувања со адвокатурата кај нас. Меѓу другото, за новите законски проекти како што е Законот со кој ќе се регулира имплементацијата на Адвокатска маркица, адвокатската тарифа и притоа беа образложени заложбите и активностите на Адвокатската комора на Република Македонија кои се во насока за активно учество при донесувањето на практични закони во согласност со ЕУ.


Brussels, 15 December 2006

**Macedonian Bar Association**
Dame Gruev No.3
1000 SKOPJE
MACEDONIA

**NOTE N° 2006/049**

| Description | Amount in euro |
|---|---|
| Macedonian Delegation | |
| 2007 subscription | 6.035,00 |
| **TOTAL** | **6.035,00** |

**Falling due : 31.01.2007**

*According to the decision of the CCBE Plenary Session on November 24th 2000, the interest rate for late payments, commencing with subscriptions due for the year 2001, shall be « the reference rate » of the European Central Bank, plus 5 percentage points.*

The above amount should be paid **net** of charges and exclusively **by bank transfer mentioning « all bank charges paid by the principal »** to the CCBE account n° **310-1621027-49** at the :

**BIC : BBRUBEBB**
**IBAN : BE97 3101 6210 2749**
**ING**
Rond Point Schuman 8
B-1040 Bruxelles

*R P M Bruxelles 0.467.250.186*

**Conseil des barreaux européens – Council of the Bars and Law Societies of Europe**

Од страна на Советот на адвокатски комори и правни друштва на Европа - **ССВЕ** беше истакнато задоволството од активната работа на Адвокатската комора на Република Македонија. Притоа, ја истакна добрата соработка и подршката која АКРМ постојано ја има од **ССВЕ,** меѓу другото изразена и со тоа што веќе четири години АКРМ е ослободена од плаќање на членарина во **ССВЕ.**

Сакајќи повторно да и излезе во пресрет на АКРМ, **ССВЕ** на чело со претседателот, ја ослободи Адвокатската комора на РМ од обврската да плати целосна членарина за 2006 година. Имено, од годишната членарина во **ССВЕ** која вкупно изнесува 6035 ЕУРА, со ослободување во висина од 5035 ЕУРА, АКРМ плати само 1000 ЕУРА на име членарина.

Овие средства беше потенцирано **ССВЕ** ги пренаменува како подршка на Адвокатска комора на Република Македонија за борба и истрајност во градењето на европска адвокатура.

## ФОРМИРАНА НОВА КОМИСИЈА ЗА ПРИЕМ НА ПОПЛАКИ И ИНФОРМАЦИИ

Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија, во продолжение на своите активности донесе Одлука за формирање на нова Комисија за прием на поплаки и информации во врска со донесените Одлуки на судовите во состав од три члена.

Сите адвокати кои имаат вакви одлуки да ги доставаат до Комисијата за прием на поплаки, при Адвокатската комора на РМ. По извршено разгледување и оцена од страна на Комисијата, овие одлуки ќе се доставуваат до Државниот Судски Совет.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ УЧЕСНИК НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКРМ



**На 53-то Годишно Собрание на Адвокатска комора на Република Македонија, кое ќе се одржи во периодот од 24 - 26 Мај 2007 година, со огромно задоволство Ве информираме дека своето учество го потврди Г-динот Паоло Линс Е Силва. Претседател на Меѓународната Унија на адвокати - УИА, каде Адвокатската комора на Република Македонија е рамноправен член под нејзиното уставно име.**

**Ова е прв пат да претседателот на Меѓународната Унија на адвокати присуствува во нашата држава, што е ретка можност да се запознае со активностите на комората, како и проблемите со кои адвокатите тука се соочуваат. За време на неговиот престој во Република Македонија ќе организираме средби со Врховниот Суд на Република Македонија, Министерството за правда на Република Македонија, а ќе побараме прием и кај претседателот и премиерот на Република Македонија.**

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА АКРМ

Врз основа на член 23 од Статутот на Адвокатската комора на Република македонија, Упрваниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија на седница одржана на ден 20.01.2007 година ги донесе следнаве одлуки

### ОДЛУКА

**Да се достави заклучок / информација до сите судови во Република Македонија по однос на почитување на член 16 од Уставот на Република Македонија, член 19 од Универзалната Декларацијата за човекови права на обединетите нации и член 6,8 и 10 од Европската конвенција за човековите права и слободи, да се дозволи пристап до информации на адвокатите во предметите пред Апелационите судови, посебно до информацијата кој судски совет ќе одлучува по поднесената жалба, да се изврши увид во судскиот деловник и се даде задолжение на судовите да го почитуваат и да постапуваат согласно судскиот деловник во однос на известување на странките за експедиција на првостепени предмети по жалба.**

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

### ОДЛУКА

**За заштита на логото како жиг на Адвокатската комора на Република Македонија пред Државниот Завод за индустриска сопственост.**

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*СПЕЦИЈАЛНО ЗА АДВОКАТИ !!*

*ПОЗНАТИТЕ РУРА МАШКИ И ЖЕНСКИ ЧОРАПИ*



**ОТВАРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ГОСТИВАР**

**Како што веќе најавивме во претходните броеви на Информатор, Адвокатската комора на Република Македонија во соработка со Собранието на општина Гостивар, ќе отвори канцеларија за бесплатна правна помош и во Гостивар.**

**Отварањето на канцеларијата за бесплатна правна помош во Гостивар ќе се одржи на ден 7 март 2007 година, ( среда ).**

**Во канцеларијата ќе се пружа бесплатна правна помош на определени групи на граѓани, кои се загрозени во остварувањето на нивните права. Поконкретно, станува збор за социјални случаи, хендикепирани лица, самохрани родители, жртви на семејно насилство како и жртви на трговија со луѓе од подрачјето на општина Гостивар.**

**Адвокатската комора на Република Македонија имајќи ја во предвид социјалната состојба во државата, а пред се поради светото правило да се дава помош на сите и на оние кои не се во можност за неа да платат, им излезе во пресрет на граѓаните и повторно покажа дека адвокатурата е единствена и е професија чија основна цел е да го подигне нивото на заштита на човековите права и слободи.**

**СЕМИНАР "АДВОКАТСКА МАРКИЧКА"**

Адвокатската комора на Република Македонија, во продолжение на своите активности за континуирана едукација, во периодот од 23 - 24 март 2007 година, во Струмица ќе организира семинар на тема Адвокатска маркичка. На овој семинар кој е од огромен интерес за членството ќе присуствуваат и гости од Управата за јавни приходи, со цел заедничко разгледување на предлог Законот за адвокатска маркичка, нејзината примената и начинот на употребаа, што со самото воведување на адвокатската маркичка ќе значи поинакво постапување и плаќање на обврската за персонален данок.

Сите заинтересирани за учество на овој семинар можат да се пријавуваат преку претседателите на Адокатските Заедници.

**ТРКАЛЕЗНА МАСА
"ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА"**

Адвокатската комора на Република Македонија во континуитет на соработката која ја има со Европскиот Форум, одржа тркалезна маса на тема "Европски Суд за Човекови Права" во Радовиш на ден 21 февруари 2007 година, на која беа присутни колеги адвокати од Радовиш, Струмица, Штип и др. На тркалезната маса свои излагања имаа Светозар Ристевски, експерт од Советот на Европа и Ненад Јаниќевиќ, претседател на Управниот Одбор на Адвокатска комора на РМ.

Ваквите тркалезни маси ќе продолжат и во иднина да се организираат во градовите ширм државава.

*АДВОКАТСКИ КЛУБ – РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"*
*20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ*
*тел. 02 / 3214 200*

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**